Република Северна Македонија

ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

СУ.бр.137/23-5

12.10.2023 година

Гевгелија

# ПРОЦЕДУРА

# ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ВО ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

Управувањето со ризици е законска обврска и неопходен елемент на доброто управување.

Соодветното управување со ризици е од извонредна важност за Основен суд Гевгелија со што успешно ќе се управува со ризиците.

Во оваа Процедура се поаѓа од следните дефиниции:

Ризик е „било кој настан или проблем кој може да се случи и неповолно да влијае на целите на Основен суд Гевгелија.

Пропуштените можности, исто така, се сметаат за ризик".

Управувањето со ризиците е централен дел на Процедурата за управување. Тоа е алатка која помага на Претседателот на судот и другите вработени во судот да ги предвидат неповолните настани и да реагираат на нив, односно да ги насочат постапките со поврзаните ризици.

Процедурата ќе се ажурира на секои три години и во случаите кога ризикот значително се менува.

Контролите кои се однесуваат на минимизирање на ризикот треба да бидат анализирани и ажурирани најмалку еднаш годишно.

Сите промени во Процедурата се евидентираат како изменети изданија.

Намената на оваа Процедура е подобрување на способноста за остварување на целите на Основен суд Гевгелија преку управување со заканите и можностите кои придонесуваат кон поголем квалитет, ефикасност и резултати во сите активности и на сите нивоа.

Оваа Процедура има за цел:

Подобрување на ефикасноста на управувањето со ризиците на ниво на Судот,

Целосно интегрирање на управувањето со ризиците во административната култура на Основен суд Гевгелија,

Вградување на управувањето со ризиците во процесот на планирање и

донесување на одлуки како стандард,

Обезбедување рамка за утврдување, процена, постапување, следење и известување за ризиците да се искомуницира и разбере на сите нивоа на Судот,

Воспоставување координација на управувањето со ризици во Судот,

Обезбедување управувањето со ризици да ги опфати сите области на ризик,

Обезбедување дека управувањето со ризици е во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Насоките за спроведување на процесот за управување со ризиците кај буџетските корисници.

Придобивките од успешното спроведување на процесот на управување со ризиците се следните:

-зголемување на ефикасноста,

- подобро предвидување и оптимизирање на расположливите средства,

- јакнење на довербата,и

- развој на позитивна организациска култура.

Ова се ставовите на Основен суд Гевгелија кон ризиците:

- сите активности кои ги спроведува Основен суд Гевгелија мора да бидат во согласност со целите на Судот, а не спротивни на нив,

- сите активности кои носат ризик од значаен штетен публицитет или друга штета за угледот на Судот ќе се избегнуваат,

- сите активности мора да резултираат со придобивки кои претставуваат финансиска вредност

- сите активности и со нив поврзаните финансиски издатоци мора да бидат опфатени со финансискиот план на Судот.

Општиот модел за управување со ризиците, кој го воспоставуваат голем број на институции, се состои од пет чекори:

- поставување на цели,

- утврдување на ризиците,

- процена на ризици,

- постапување по ризиците и

- следење и известување за ризиците.

Прв чекор – поставување на цели

Појдовна точка за управувањето со ризиците е јасното разбирање за тоа што Основен суд Гевгелија сака да постигне. Управувањето со ризиците е управување со заканите кои можат да го попречат остварувањето на целите и максимизирање на можностите кои ќе помогнат за остварување на целите а со

тоа и остварување на целите на Основен суд Гевгелија.

Втор чекор – утврдување на ризиците

Утврдување на ризиците поврзани со работните активности и донесувањето на одлуки се воспоставува од страна на:

Претседателот на судот, судиите и сите вработени во судот

Утврдувањето на ризикот вклучува утврдување на потенцијалните ризици и причината за ризиците, како и потенцијалните последици од ризиците. Ризиците ќе се утврдуваат и проценка на ризиците ќе се евидентираат во регистарот на ризици.

Регистарот на ризици е „база на податоци“ за сите информации за ризиците.

Основен суд Гевгелија ќе воспостави и води еден вид на регистар на ризици:

Регистарот на ризици ќе се води во Excel табела која ќе ја ажурира координаторот за ризици кој ќе биде именуван од страна на Претседателот на судот.

Координаторот за воспоставување на процесот за управување со ризиците ќе изготви насоки за управување со ризиците и со нив подетално ќе го уреди начинот на постапување и ќе ги уреди сите релевантни обрасци за документирање на ризиците.

Трет чекор – проценка на ризиците

Проценката на ризиците се врши врз основа на два вида влезни информации – за проценка на влијанието на ризикот и проценка на веројатноста за појавување на ризикот.

- ако предизвикува значителна штета на Основен суд Гевгелија,

- ако последица на ризикот е повреда на законот и другите прописи,

- ако се доведува во прашање сигурноста на вработените,

- или во било кој случај на сериозно влијание на угледот на Основен суд Гевгелија.

Четврт чекор – постапување по ризиците

Веројатноста и влијанието на ризикот се намалува со избор на соодветен одговор на ризикот.

Одлуката зависи од важноста на ризикот и од толеранцијата и ставот кон ризикот.

За секој ризик треба да се одбере еден од следните одговори на ризик:

- избегнување на ризикот – на начин што одредени процеси- активности ќе се спроведат поинаку,

- пренесување на ризикот – преку конвенционално осигурување или пренос на трета страна,

- намалување / ублажување на ризикот – преземање мерки за намалување на веројатноста или влијанието на ризикот.

Соодветните планови за постапување кои одговараат на одбраните одговори на ризик треба да бидат утврдени од Претседателот на судот со што ќе се обезбеди преземање на конкретни активности за постапување со ризиците без одлагање. Треба да се обезбеди дека за секоја

Во одредени случаи, во кои со ризикот може да се постапува веднаш или во краток рок, не е потребно изготвување план за постапување.

Важно е дека секоја активност која се планира да се преземе како одговор на ризикот е пропорционална на ризикот.

Петти чекор – следење и известување за ризиците

Петтиот чекор на процесот го вклучува следењето и известувањето за ризиците така што сите вработени на сите нивоа на управување можат да следат дали профилот на ризикот се менува, да стекнат уверување дека управувањето со ризиците е ефикасно и да се идентификуваат понатамошни акции кога е потребно. Со цел ефикасно следење и известување за ризиците, регистрите на ризици и акциските планови мора редовно да се ажурираат во поглед на:

- новите ризици

- ризиците на кои не можело да се делува на планиран начин односно со ревидирање на проценката на ризикот.

Целта на управувањето со ризиците е доведување на ризикот и/или одржување на ризикот на прифатливо ниво.

За да се подобри ефикасноста на управувањето со ризиците и обезбеди клучните ризици да се утврдуваат и третираат, се воспоставува соодветен систем за следење и известување за ризиците:

- состаноци на ниво на судот:

1) месечно помеѓу Претседателот на судот и координаторот за ризици по проценка, поради донесување одлука за мерките за намалување на изложеноста на ризик, за роковите и лицата кои ќе бидат одговорни за извршување на претходните активности и

2) на квартална основа помеѓу Претседателот на судот и координаторот за ризици за потребните активности поради за преземање активности во врска со ризикот и следење на напредокот во спроведувањето на планот за постапување;

3) Пишани извештаи за ризиците се доставуваат годишно:

За следење на ефективноста на процесот на управување со ризиците следните показатели на успешност ќе се следат:

- на годишно ниво регистарот на ризици во целост е прегледан и договорено е управувањето со ризиците,

- мерките од акцискиот план се спроведуваат во рамки на роковите утврдени за

извршување и

- сите нови мерки се ажурирани во регистарот на ризици за Судот

Клучните показатели на успешност ќе бидат прегледувани годишно.

Ефикасното управување со ризици бара воспоставување следење и проверка, со што ќе се обезбеди ризиците ефикасно да бидат препознаени и проценети и се спроведуваат соодветни контроли и реакции.

Секоја постапка за следење и проверка, исто така, треба да утврди:

- дали усвоените мерки резултирале со она што требало,

- дали усвоените постапки и собраните податоци за спроведување на процените биле соодветни,

- недостатоци во контролите и можности за континуирано подобрување и

- дали подобрата размена на информации за ризиците ќе помогне во донесувањето на подобри одлуки и извлекувањето поуки за идните процени и управување со ризиците.

Координаторот за воспоставување на процесот за управување со ризиците ќе обезбеди ревидирање на процесот на управување со ризиците, на годишно ниво и согласно потребите за ажурирање на управување со ризиците и соодветните насоки. Резултатите на следењето и проверката координаторот за воспоставување на процесот за управување со ризици ќе ги презентира во Судот преку годишен извештај за системот на внатрешните финансиски контроли и преку годишниот извештај за показателите на успешност за спроведување за управување со ризици.

Комуникацијата внатре во Судот за прашањата на ризиците е важна бидејќи е:

- потребно да се обезбеди секој да разбере, на начин кој одговара на нивната улога, што е Процедурата, што се приоритетни ризици и како нивните одговорности во Судот се вклопуваат во таа рамка за работа (ако тоа не се постигне, нема да се постигне соодветно и доследно интегрирање на управувањето со ризици во административната култура на Судот и приоритетните ризици нема доследно да се решаваат);

- потребно да се обезбеди дека научените лекции и искуство можат да се пренесат и соопштат на оние кои може да имаат корист од нив (на пример: ако еден дел од вработените во Судот се сретне со нови ризици и се смисли најдобар начин за надзор над нив, таквото решение треба да се соопшти на сите други кои исто така можат да се сретнат со тој ризик);

- потребно да се обезбеди дека секое ниво на управување ќе бара и прима соодветни информации за управување со ризиците во рамки на својот распон на контроли кои ќе им овозможат да планираат активности во однос на ризиците чие ниво не е прифатливо, како и уверување дека ризиците кои се сметаат прифатливи се под контрола.

- секој вработен во судот е вклучен во управувањето со ризици и треба да биде свесен за својата одговорност во утврдувањето и управувањето со ризикот.

Основниот суд Гевгелија се залага за ефикасно управување со ризиците кои се закануваат на извршувањето на нејзините функции. Вработените во судот се под влијание на таквите ризици. Основниот суд Гевгелија ги препознава ризиците, со што заканите ќе се избегнат, но можностите нема да се пропуштат.

ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Марица Аврамчева Зафирова

Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СУ.137/23-3
12.10.2023 година
Гевгелија

**ПОЛИТИКА НА КВАЛИТЕТ**
**ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА**

Основниот суд Гевгелија се залага за доследно почитување на принципот на владеење на правото и заштита на индивидуалните и колективните слободи и права.

- се стреми да ја подигне довербата на граѓаните преку обезбедување на независно, непристрасно, високо професионално, ефективно и ефикасно судство.

- се стреми кон развивање и имплементирање на системски и процесен пристап во работењето, со цел донесување на навремени и законити одлуки во постапките на судење.

- се стреми да одржува тим од високо квалификуван и мотивиран кадар, свесен за важноста на своите дејствија, при што се остварува непречена, навремена и точна комуникација и дистрибуција на знаење.

- се грижи за унапредување на институционалниот и административниот капацитет преку инвестирање во вработените по пат на обуки и стручно усовршување.

- се стреми за целосна посветеност на сите вработени во исполнување на поставените цели на транспарентен, непристрасен и професионален начин на работа.

- се грижи за континуиран развој на системи од областа на информатичките технологии.

- се грижи за поставување на професионални стандарди за вработените заради јакнење на интегритет во справување со облиците на корупција.

- се стреми навремено да ги идентификува ризиците во работењето, проактивно да управува со нив заради унапредување на услугите, процесите и системот за управување со квалитет.

- Идентификација и соодветно управување со сите ризици во работните процеси во Основен суд Гевгелија.

- Претседателот на Основен суд Гевгелија како лидер обезбедува мотивираност, вклученост и посветеност кон остварување на стратешките определби и цели.

Претседател на
Основен суд Гевгелија
Марица Аврамчева Зафирова

Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СУ.бр.56/23
29.03.2023 година
Гевгелија

# ГОДИШЕН АНТИКОРУПЦИСКИ ПЛАН НА ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

Основен суд Гевгелија почитувајќи ги начелата на законитост, ефикасност, ефективност, посебно ставајќи акцент на јакнење на интегритетот на вработените, нивната стручност и компетентност, важи за суд чиј приоритет е јавниот интерес. Истиот претставува мотив за создавање на неколку механизми за справување со корупцијата.

Основен суд Гевгелија како транспарентен суд има веб страна на која се презентираат тековните активности и постапки, со што секој граѓанин е во можност да биде информиран за остварување на неговите права, да учествува на јавни огласи, и повици, притоа почитувајќи ги законските норми, преку постоечки Комисии и во законски постапки да биде објективно избран.

Со оглед на ризиците кои се наметнуваат од областа на корупцијата, Основен суд Гевгелија треба да ги дефинира алатките и механизмите со кои ќе ги заштити внатрешните процеси и постапки.
Во рамките на надлежноста и делокругот на работењето досега не се идентификувани некои состојби кои го отежнувват функционирањето на судот.

Иако моделот на демократијата е доста присутен во нашата држава сепак постои опасност да се пробие корупцијата. Правна рамка за донесување на овој Годишен план е Планот за борба против корупцијата донесен од Владата на Република Северна Македонија, чиј приоритет е дејствувањето во секоја област на општественото живеење.

## 1. ДЕТЕКТИРАНИ РИЗИЦИ

Главен акцент во антикорупцискиот план е ставен на сите вработените во судот.Преку јакнењето на нивниот професионален и личен интегритет се очекува од нив да ги извршуваат професионално поставените задачи, согласно Законите, Судскиот деловник, прописите и интерните акти и со тоа да се спротиставаат на корупцијата. Сето ова треба да стане дел од секојдневната култура на однесување на сите вработени во судот.

## 2. ПРИЧИНИ, УСЛОВИ И ГАКТОРИ ЗА ОВОЗМОЖУВАЊЕ КОРУПЦИЈА

Теоретски, било кој од вработените во судот свесно ја злоупотребува службената положба и овластување за дадена, ветена, побарана или прифатена материјална или нематеријална или било каква друга придобивка за себе или некој друг тогаш станува збор за корупција.

Во досегашната пракса во судот слободно може да се каже дека сите вработени ги почитуваат начелата на законитост, интегритет и покажуваат одговорност на себе, што значи дека вработените може да препознаат и да се справат со можноста за пробивање на корупцијата во делокругот на своето работење.

## 3. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА АЛАТКИ И КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ДЕТЕКТИРАНИТЕ РИЗИЧНИ ОБЛАСТИ

Корупцијата е забрането однесување која го загрозува владеењето на правото, па затоа е потребно сите вработени во судот да работа на нејзино спречување.

За да нема корупција во судот, тенденција на судот е да се воспостави механизам за брба против корупцијата, заради заштита на граѓаните и државата. Како механизми за надминување на постоечки ризични области Основен суд Гевгелија ги има:

- Почитување на Законите, Судскиот деловник и Прописите;
- Контрола на работењето од финансиски и правен аспект;
- Почитување на стручноста и компетентноста при селекција за вработување;
- Јакнење на свеста и едуцирање на вработените за можноста од корупција и
- Почитување на Етичкиот кодекс на судиите и судските службеници.

## 4. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ СО ОСОБЕН АКЦЕНТ НА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Спротивставувањето со корупција во голема мера придонесува и интегритетот на вработените. Под интегритет се подразбира подготвеноста на поединецот да препознае и одлучно да се спротивстави во некоја незаконска, неморална или нечесна ситуација.

Под поимот „интегритет" се подразбира и законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои вработените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата, а со тоа ќе се испрати порака дека корупцијата нема да остане несанкционирана.

## 5. НАВРЕМЕНО ПОСТАПУВАЊЕ ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИТЕ УСЛУГИ КОН ПРАВНИТЕ И ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА

Основен суд Гевгелија важи за суд кој навремено одговара на доставените барања, успешно и навремено постапува при спроведување на постапките, притоа почитувакќи ги законските утврдените временски рокови.

Доколку не постои комплетно доставена документација за остварување на правата на граѓаните, судските службеници транспарентно и одговорно приоѓаат заради остварување на правата и интересите на граѓаните.

## 6. ПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ, КОДЕКСОТ ЗА ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И КОДЕКСОТ НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Правната рамка е основа за пренесување на минималните задолжителни стандарди и принципи на однесување на секој судски службеник.

Треба да постојат јасни правила со кои ќе се дефинираат етичките стандарди што ќе го раководат однесувањето на судските службеници во нивните контакти, пример во врска со условите за јавни набавки, обезбедување услуги од надвор или за вработување на судски службеници.

Зголемувањето на интеракцијата меѓу институциите налага поголемо внимание да им се посвети на вредностите на службата а од надворешните лица да се бара да ги почитуваат тие вредности.

## 7. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДОВЕРБАТА НА ГРАЃАНИТЕ КОН ИНСТИТУЦИИТЕ И МОТИВИРАЊЕ ДА ПРИЈАВАТ КОРУПЦИЈА

Најзначајна алатка во намалувањето на борбата против корупцијата е мотивацијата на граѓаните да пријават корупција.Одлуката на граѓаните да се спротивстават на ситуација во која за да ги остварат нивните права се „принудени“ да ги „наградуваат“ службениците надвор од нивната службена должност е првиот чекор во овој процес. Неопходно е да постои доверба во институциите со оглед дека законите ги регулираат сите постапки активности и дејствија.

## 8. ЗАЈАКНАТА КОНТРОЛА И НАДЗОР НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Постапките за јавни набавки во целост се спроведуваат преку електронскиот систем за јавни набавки и истите се транспарентни, како и јавно достапни за јавноста.

Точно и прецизно да се врши планирање на постапките за јавни набавки и во законски утврден рок.

Професионална едукација на вработените преку одржување на обуки за надградба на знаењето, обуки за практична примена на Законот за јавни набавки и обуки за антикорупција.

9. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ПРЕКУ ПЛАТФОРМАТА ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТ

Во Основниот суд Гевгелија се врши електронска размена на податоци меѓу државите органи, адвокати, извршители, нотари.

Сето тоа допринесува за извршување на нивните функции и може да допринесе за квалитетно работење, економичност и ефикасност.

10. ЈАКНЕЊЕ НА АЛАТКИТЕ ЗА ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА МИНИСТЕРСТВАТА, ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА И СУДОВИТЕ

Основен суд Гевгелија согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во целост ги спроведува и применува сите алатки кои се предвидени со цел отчетност и транспарентност во работењето.

Еден од клучните аспекти во превенцијата и борбата против корупцијата е транспарентното и ефективното работење на институциите, особено од аспект на давањето услуги кон граѓаните.

ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Марица Аврамчева Зафирова

Република Северна Македонија

ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

СУ.бр.137/23-6

12.10.2023 година

Гевгелија

АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА

ПОЛИТИКА НА ИНТЕГРИТЕТ ВО ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

Основен суд Гевгелија не толирира коруптивно однесување односно искористување на функцијата, службената должност и положба за остварување каква било корист за вработениот или негов близок. Исто така Основниот суд Гевгелија не толирира каква било друга форма на неетичко и неморално однесување забрането со закон и спротивно на етичкиот кодекс на однесување.

Претседателот на судот и овластеното лице за интегритет се одговорни за проценка и отстранување на ризиците кои што допринесуваат за корупција, проневера, крадење, поткуп, судир на интереси како и користење на влијанија и врски со цел добивање повластен третман ули каква било друга форма на неетичко и незаконско однесување.

Вработените во судот се должни да се однесуваат чесно и одговорно и да ги почитуваат пропишаните процедури и рокови за постапување, да избегнуваат судир на интереси и да се грижат за угледот на судот во јавноста без разлика дали се наоѓаат на работното место или не и тоа во секое време.

Вработените се должни да пријават какво било коруптивно однесување на начин пропишан во процедурите за пријавување на случаи во кои постои сомнеж за корупција или друго неетичко однесување.

Вработените на кои што им бил понуден поткуп или биле поттикнувани за незаконски или неетички дејствија треба на културен начин, да ја прекинат комуникацијата со лицето кое нуди поткуп и написмено да го известат надлежното лице во судот.

При тоа вработениот треба да ги појасни деталите вклучително времето, местото, соговорниците и предметот на разговор.

Доколку вработениот не постапи согласно пропишаната процедура против него ќе биде покрената соодветна постапка.

Пријавувањето на коруптивно однесување на лица кои што се вработени во судот е должност на секој. Тоа не е лично прашање ниту право на избор туку дел од службена должност и одговорност.

Вработените кои биле сведоци или имаат основани сомневања за неетичко или незаконско однесување на вработени во судот мораат во печатена форма, телефонски или преку електронска пошта, да го информираат овластеното лице во судот.

На вработениот кој што пријавува корупција му се гарантира дека информациите се целосно доверливи.

По анонимни пријави ќе се постапува само доколку содржи доволно податоци кои што ќе обезбедат утврдување на фактичката состојба.

Коруптивните однесувања се казниви согласно Кривичниот законик а актите на корупција и неетичко однесување утврдени со антикорупциската политика задолжително повлекуваат и покренување на дисциплинска постапка, која што не исклучува и кривична одговорност.

По добивање на пријава за поткуп, корупција и судир на интереси овластеното лице ќе ги собере сите потребни информации за соодветниот случај и ќе испрати пријава до Државната комисија за спречување на корупцијата во печатена форма или по електронски пат.

Ништо што е содржано во оваа антикорупциска политика не е ограничувачки фактор за вработените во поглед на пријавувањето на кривични дела на полицијата, обвинителството или Државната комисија за спречување на корупција.

Доколку се докаже дека лицето тенденциозно и злонамерно пријавило и дало лажен исказ против него ќе бидат преземени соодветни мерки за одговорност.

ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Марица Аврамчева Зафирова

Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СУ.бр.137/23-7
12.10.2023 година
Гевгелија

Претседателот на Основен суд Гевгелија Марица Аврамчева Зафирова, на ден 12.10.2023 година донесе:

# МЕТОДОЛОГИЈА

## ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ВО ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер го утврдува начинот на остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат институциите и останатите субјекти што вршат јавни овластувања а со главна цел зголемување на транспарентноста и отчетноста.

Физички и правни лица може да доставуваат барања за информации од јавен карактер до имателите на информации од јавен карактер ( Основен суд Гевгелија), а имателите се должни да одговараат во предвидениот рок.

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер регулира многу широк концепт на информации од јавен карактер, односно согласно Законот од јавен карактер е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

Основниот суд Гевгелија како имател на информации од јавен карактер има веб страна која е ажурно водена.Основниот суд Гевгелија има определено службено лице при остварувањето на правото на слободен пристап до информации и истото е објавено на веб страната на судот( со службена електронска адреса, службен мобилен телефон).

Основен суд Гевгелија редовно ја води и ажурира листата на информации со кои располага и ги објавува на начин достапен за јавноста (Интернет страницата на судот).

На веб страната на Основен суд Гевгелија врз основа на чл. 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен каратер и Упатството за начинот и постапката за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер Основниот суд Гевгелија има изготвено Листа на информации од јавен карактер на Основен суд Гевгелија со групи на информации.

На веб странаната на Основен суд Гевгелија се објавени основните податоци за контакт со институцијата, податоци за за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување и тоа со (име и презиме, службена е-маил адреса и службен мобилен телефон).

Основните податоци за контакт со имателот на информацијата и тоа: назив, адреса, телефонски број, број на факс, е-маил адреса и адресата на интернет страницата

- Список на лица вработени кај имателот на информацијата со позиција, службен емаил и службен телефон,

Законите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации, поврзани со регистарот на прописи објавени во службеното гласило,

- Прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акт: правилници (правилник за внатрешна организација, правилник за систематизација на работните места, правилник за заштитено внатрешно пријавување и друго), уредби, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа се овластени со закон,

- Органограм за внатрешна организација,

- Годишни планови и програми за работа,

- Годишен Буџет и завршна сметка,

Годишни финансиски планови по квартали и програми за реализација на буџетот,

- Видови услуги кои ги даваат имателите на информацииза физичката достапност за остварување на услугите и информации за е-услугите, податоците за законските основи, називот на услугите, документите и податоците потребни за остварување на секоја од услугите, механизмите за правна заштита и други релевантни податоци),

- Тарифници за надоместоци за издавање на реални акти,

- Начинот на поднесување на барање за пристап до информации (начин на поднесување усно и писмено барање за пристап до информации, како и барање поднесено по електронски пат),

- Целокупната документација за јавните набавки,

- Предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии и други слични документи кои се однесуваат на актите од надлежноста на Основен суд Гевгелија и

- Други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на Основен суд Гевгелија

ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Марица Аврамчева Зафирова

Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СУ.бр.137/23-10
12.10.2023 година
Гевгелија

Претседателот на Основен суд Гевгелија Марица Аврамчева Зафирова, на ден 12.10.2023 година донесе:

# ИНТЕРЕН АКТ

## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕН МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН

## ВО ОДНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

Корисник на службен мобоилен телефон е вработено лице во Основен суд Гевгелија на кое му е одобрано користење на службен мобоен телефон и СИМ картичка.

При престанување на работниот однос во Основен суд Гевгелија корисникот е должен да го раздолжи телефонскиот апарат и бројот кој го користел во судот пред завршувањето на работниот ангажман.

Корисникот на службениот мобилен телефон е должен да го користи рационално за службени потреба а за надминување на месечниот лимит паричниот износ на месечно ниво ќе му биде запрен од неговата сметка од страна на одделението за материјално финансово одделение во судот.

Во случај на физучко оштетување на телефонскиот апатат корисникот е должен да достави писмено образложение до Претседателот на судот и да го врати оштетениот службен телефон во судот.

ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Марица Аврамчева Зафирова